# Упатство за кандидирање за изборите за Факултетското студентско собрание при Факултетот за електротехника и информациски технологии

Почитувани колеги, ова упатство е изработено за да биде водилка за сите правила и прописи коишто статутот на Факултетското студентско собрание при ФЕИТ (ФСС - ФЕИТ) и изборниот правилник ги имаат врамено, а се однесуваат на изборите и изборниот процес за Факултетското студентско собрание при Факултетот за електротехника и информациски технологии - Скопје.

Правилникот е поделен на два дела, првиот којшто се однесува за процесот за кандидирање и гласање на кандидатите за членови на Факултетското студентско собрание, додека пак вториот дел се однесува на постапката за кандидирање и гласање за претседател на Факултетското студентско собрание.

ФСС - ФЕИТ се надева дека овој правилник ќе биде од помош на сите заинтересирани студенти, коишто имаат желба да станат дел од ФСС - ФЕИТ и да продолжат да ги застапуваат интересите и да се борат за правата и потребите на студентите на нашиот Факултет.

Дополнително, членовите на Факултетското студентско собрание во целост стојат на располагање во предизборниот период да одговорат на сите прашање коишто би ги имале а се поврзани со должностите, правата, обврските и надлежностите на членовите и на претседателот на ФСС, како и да одговорат и да ги разјаснат сите потенцијални нејасни работи коишто се поврзани со изборниот процес.

Со почит,
Факултетско студентско собрание при ФЕИТ

## 1 дел:

*Правила и норми за кандидирање на студенти за членови на ФСС - ФЕИТ:*

Според член 17 од статутот на Факултетското студентско собрание изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (во продолжение – ФСС) ги распишува деканот на Факултетот и притоа истите мора да се оддржат најдоцна 30 дена откако ќе бидат распишани.

Според член 19 од статутот на Факултетското студентско собрание, на изборите за членови во ФСС - ФЕИТ студентите може да се кандидираат на формални студентски собири. Ова значи дека изборната комисија на ФЕИТ ќе оддржи 4 студентски собири (за изборите во 2023 година, собирите ќе бидат виртуелни и ќе се оддржат преку ZOOM платформата) за студентите од додипломски студии и по еден за студентите коишто се запишани на постдипломски студии (соодветно за студентите на магистерски студии и оние запишани на докторските школи на Факултетот). Согласно член 3 од одлуката за распишување на изборите за ФСС на ФЕИТ собирите ќе се оддржат најдоцна 10 дена пред датумот предвиден за оддржување на изборите. На студентските собири, секој студент може самиот да се пријави или да биде пријавен од страна на некој друг, притоа изборната комисија ќе ги повика присутните да се изјаснат дали ја поддржуваат кандидатурата на студентот. Во секоја година е потребно да се кандидираат по најмалку еден студент повеќе од предвидениот број на претставници за таа година со цел да може да се реализираат изборите.

Само студенти што се редовно запишани во зимски семестар во учебната 2023/24 година на Факултетот може да се кандидираат за членови на ФСС - ФЕИТ.

Според членот 16 од стаутот на ФСС - ФЕИТ  предвидените места (по години) се следните:

- од прва година - 3 преставници,
- од втора година - 5 преставници
- од трета година - 5 преставници,
- од четврта година - 3 преставници
- од втор и трет циклус - 2 преставници

**Мандатите на членовите на Факултетското студентско собрание се во време траење од една година.**

Студентите на ФЕИТ, во контекст на Факултетското студентско собрание се поделени референтно на годината на којашто тие и припаѓаат т.е. согласно со бројот на

освоени на ЕКТС еден студент може да се кандидира само во студиската година за којашто тој има доволно кредити.

Изборите во 2023 година ќе се оддржат електронски преку платформа којашто непосредноста, безбедноста, тајноста и доверливоста на гласачкиот процес ќе ја гарантира. Дополнително упатство ќе биде изработено и доставено за техничките барања коишто студентот треба да ги исполни и изработи за да може да гласа. Во овој текст ние ќе се фокусираме да дадеме информативен осврт за тоа како еден студент може да се кандидира и да гласа на изборите на ФСС - ФЕИТ.

Го охрабруваме секој студент да го искористи своето право на глас на изборите на ФСС. На тој начин секој студент може да каже кој сака да биде нивниот претставник и во кого верува дека најдобро ќе ги застапува интересите на сите студенти. Учествувајќи во процесот на гласање секој студент може да направи силна промена во работата на телото што е задолжено да ги претставува интересите на студентите како и во рамки на факултетот и универзитетот.

Студентите на изборите гласаат за своите колеги од сите години т.е. студентите на ФЕИТ може да гласаат за студенти од прва до четврта како и за студентите на магистерски и докторски студии. Студентите гласаат на истите избори за членови во собранието и за претседател на собранието.

## 2 дел:

*Правила и норми за кандидирање за функцијата претседател на ФСС - ФЕИТ*

Според член 28 од статутот на ФСС - ФЕИТ изборот на претседател на ФСС - ФЕИТ се врши во исто време кога се избираат и членовите на ФСС.

За претседател на ФСС - ФЕИТ може да се кандидираат сите студенти коишто успешно го имаат завршено третиот семестар од своите студии т.е. сите студенти што ги имаат положено сите предмети заклучно со 3ти семестар.

Согласно член 29 од статутот на ФСС - ФЕИТ и членот 5 од одлуката за распишување на изборите за ФСС - ФЕИТ секој студент што ќе одбере да се кандидира за претседател на ФСС - ФЕИТ мора да достави доказ дека има поддршка од 50 студенти за неговата кандидатура до Архивата на Факултетот. Според став 3 од член 5 од одлуката за распишување на избори за ФСС – ФЕИТ, кандидатурите, заедно со доказот за поддршка од барем 50 студенти мораат да бидат формално доставени до Архивата на Факултетот заклучно со 04.12.2023 година.

**Факултетско студентско собрание**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Потписите за поддршка на кандидатурата за претседател се собираат физички.

**НАПОМЕНА: Поддршка ќе се смета т.е. ќе бидат уважена само онаа која е од студенти што се редовно запишани во зимскиот семестар во учебната 2023/24 година на ФЕИТ.**